Република Северна Македонија
Министерство за култура
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год
Потпис,

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
**Ип 1 бр. 57-8**
**Датум: 24.01.2023 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здружение за театарско мултимедијална дејност Вондерленд театар, Скопје (**во натамошниот текст: Здружение**) |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „2“ бр. 87, Скопје |
| Адреса за е-пошта | wonderlandtheatremk@gmail.com |
| Телефон | 076 534-388 |
| Матичен број на субјектот | 7435215 |
| Даночен број на субјектот | 4057020550755 |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | НЛБ Тутунска банка АД, Скопје |

| Одговорно лице на субјектот: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
| претседател | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 24.01.2023 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 12.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 24.01.2023 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во објект Нова Македонија | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на субјектот на надзорот | Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (шифра: 94.99) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ **(во натамошниот текст: СУИН на МК)** за месец јануари 2023 година, бр. 57-188/1 од 05.01.2023 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор во СУИН на МК.

5) Предмет на редовниот инспекцискиот надзор е примена на член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на средствата коишто се доделени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура за учество во финансирање на проектот од национален интерес во културата од областа на драмската дејност за 2022 година (Театарската претстава „Утопија на постоењето“), како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација.

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 69 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор согласно со член 69 став (3) од Законот за инспекциски надзор, употребена е Листата за проверка, која е дадена во прилог и е составен дел на овој Записник.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| еден од сопствениците на Здружението | | |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не присуствуваа други лица.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1. - По поднесената Пријава бр. УП1 19-3542 од 11.11.2021 г. на годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 г. од областа на драмската дејност, со Решение на министерот за култура УП1 бр. 19-3542/2021 од 17.02.2022 г., прифатен е проектот на Здружението: Театарска претстава „Утопија на постоењето", а за негова реализација доделени се средства во износ од 488.372 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 20-3580/2 од 21.04.2022 г., со којшто одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 488.372 денари и тоа за следните намени: авторски хонорари, опремување на претстава, маркетинг.

- Здружението доставило Барање за исплата на средства за реализација на проектот, заведено во МК под бр. 20-7390/1 од 20.06.2022 г., како и Оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства, за намени по ставки согласно со Договорот со МК.

- Со Решение за преведување средства бр. 20-3580/3 од 27.07.2022 г. од страна на МК преведена е прва исплата на средствата за реализација на проектот во износ од **244.000** денари, додека со Решение за преведување средства бр. 20-3580/5 од 14.12.2022 г. преведена е втора исплата на средствата за реализација на проектот во износ од **200.000** денари.

- Согласно со обврската од член 8 од Договорот со МК, на 05.12.2022 г., Здружението го известило МК дека премиерата на театарска претстава „Утопија на постоењето" ќе се оджи на 20.12.2022 г. со почеток во 20 часот во просториите на МКЦ во Скопје.

- Според изјавата на присутното лице, како и презентираната документација, фотографии и најава на програмата во МКЦ, театарска претстава „Утопија на постоењето" се оджала на 20.12.2022 г. во просториите на МКЦ во Скопје.


Министерство за културана Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

10.2. - Трошењето на авансно преведените средства за реализација на проектот, во износ од **444.000 денари**, како и ненамирените обврски се прикажани во следната табела:

| Р.бр | Доверител | Намена | Трошоци | Обврски | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | Хонорар за режисер на претставата | 77.839 | - | -Исплатен хонорар на трансакциска сметка (нето) по Договор за дело од 09.12.2022 г.<br>-Банковен извод 30 од 23.12.2022г. |
| 2. | | Хонорар за авторот на текст на претставата | 55.800 | - | -Исплатен хонорар на трансакциска сметка (нето) по Договор за дело од 09.12.2022 г.<br>-Банковен извод 30 од 23.12.2022г. |
| 3. | | Хонорар за драматург на претставата | 15.066 | 8.184 | -Исплатен хонорар на трансакциска сметка (нето) по Договор за дело од 09.12.2022 г.<br>-Банковен извод 30 од 23.12.2022г. |
| 4. | | Хонорар за актер во претставата | 47.270 | 8.530 | -Исплатен хонорар на трансакциска сметка (нето) по Договор за дело од 09.12.2022 г.<br>-Банковен извод 30 од 23.12.2022г. |
| 5. | | Хонорар за актер во претставата | 47.616 | 8.184 | -Исплатен хонорар на трансакциска сметка (нето) по Договор за дело од 09.12.2022 г.<br>-Банковен извод 30 од 23.12.2022г. |
| 6. | | Хонорар за актер во претставата | 47.616 | 8.184 | -Исплатен хонорар на трансакциска сметка (нето) по Договор за дело од 09.12.2022 г.<br>-Банковен извод 30 од 23.12.2022г. |
| 7. | | Хонорар за актер во претставата | 47.616 | 8.184 | -Исплатен хонорар на трансакциска сметка (нето) по Договор за дело од 09.12.2022 г.<br>-Банковен извод 30 од 23.12.2022г. |
| 8. | | Сметководител за проектот | 8.100 | - | -Исплатен хонорар на трансакциска сметка (нето) по Договор за дело од 09.12.2022 г.<br>-Банковен извод 30 од 23.12.2022г |
| 9. | | Персонален данок | 26.403 | 3.106 | -Уплатен персонален данок за исплатени хонорари на 8 лица<br>-Банковен извод 30 од 23.12.2022г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | „Марели дизајн"-Скопје | Набавка на маса и 3 барски столици за сценографија | 34.568 | - | -Платено по 2 фактури од „Марели дизајн"<br>-Банковен извод 23 од 12.12.2022г. |
| 11. | Разни | Набавка на одела, кравата, торба и др. материјали за костимографија | 26.776 | - | -Платено во готово, по 6 фискални сметки |
| 12. | Разни | Набавка на тремос, чаши, шоља и др. реквизити | 2.130 | - | -Платено во готово, по 2 фискални сметки |
| 13. | Графиочко производство Бранко Гапо | Пеќатење на леток Вондерленд | 6.000 | - | -Платено во готово, по Фактура/испратница бр. 6-1/635 од 15.12.2022 г. |
| | Wix.com LTD, Тел Авив, Израел | Интернет реклама | 1.200 | - | - Платено од кредитна картичка по дел од Фактура бр. 1023136587 од 31.10.2022 г., на износ од 102 американски долари |
| | | **Вкупно:** | **444.000 денари** | **44.372 денари** | **Обврски за хонорари за 4 актери и драматург** |
| | | **Цена на чинење на проектот:** | **488.372 денари** | | **Преостаната обврска од МК во износ од 44.372 денари** |

10.3. - Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (3) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финансиски извештај за неговата реализација, при надзорот е утврдено дека Здружението доставило Извештај за реализација на проектот, којшто во МК е заведен под бр. 20-3580/6 од 28.12.2022 година.

**- Врз основа на утврдената фактичка состојба при редовниот инспекциски надзор констатирано е дека:**

1. **Здружението го реализирало проектот Театарска претстава „Утопија на постоењето", а авансно преведените средства од МК во износ од 444.000 денари ги потрошило наменски, согласно со намените предвидени во Оперативниот и финансиски план, како составен дел на Договорот со МК. При надзорот се констатира дека МК, согласно со Договорот има преостаната обврска кон Здружението во износ од 44.372 денари за намирување на наменски преземените обврски за реализацијата на проектот.**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

2. **Здружението доставило Извештај за реализација на проектот, којшто во МК е заведен под бр. 20-3580/6 од 28.12.2022 година.**

**Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при редовниот инспекциски надзор не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: НЕМА.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>еден од сопствениците на Здружението | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
| Датум: | 24.01.2023 г. | Датум: | 24.01.2023 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk